UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6 VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

## С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* ........................................ **3**

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
................................................................................................................ **13**

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ................................................................................ **35**

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ........................................................................................ **47**

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ........................................................................................ **57**

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ........................................................................ **63**

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* ................. **71**

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*........................................ **87**

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ................................................ **93**

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* ................................ **101**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* .................................... **119**

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија** **УДК: 343.14:351.74/.76(497.7)**

# СОБИРАЊЕ И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ДОКАЗИТЕ ВО КРИВИЧНА ПОСТАПКА

**Апстракт:** Во рамки на исклучително важните и неминовни чинители на кривичната постапка, се вбројува и процесот на собирање и изведување на докази. Од аспект на влијанието кое доказите можат да го имаат во рамки на толкувањето на одредбите и насочувањето на другите правосудни чинители при примена на законските одредби во рамки на кривичната постапка, товарот и значењето на овој процес станува уште поголем.

Согледувајќи го значењето, но и недостатокот на дискусија и информираност на пошироката јавност во однос на можностите, правата, применетите практики кај нас во законодавството и судството, но и пошироко во однос на темата, идејата на овој труд е да ја истражи, анализира и претстави фактичката состојба во однос на процесот на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка. Во таа насока, ќе бидат илустрирани податоци, заклучоци и резултати од претходни истражувања, анализа на законските одредби и примената во пракса. Во рамки на трудот е предвидено да се спроведат и интервјуа со директно засегнати и вклучени страни во самиот процес, кои ќе дадат една поширока перспектива на заклучоците во однос на досегашните истражувања. Притоа, заклучоците од домашната „сцена“ ќе се надополнат со еден целосен компаративен приказ на состојбата во земјата со состојбата во земјите од регионот, а и пошироко. Заклучоците од дискусијата и направената компарација ќе резултираат со понудена решенија за унапредување на процесот на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка во Република Македонија, во согласност со одредбите од Законот за кривична постапка.

**Клучни зборови:** *Собирање и изведување на докази; Кривична постапка; Компаративен приказ; Интервјуа; Закон за кривична постапка.*

**DZIDROVA-KRSTOVA Natalija** **UDK: 343.14:351.74/.76(497.7)**

# COLLECTING AND CONDUCTING THE EVIDENCE IN CRIMINAL PROCEDURE

**Abstract:** Within the frames of the extremely important and inevitable factors of the criminal procedure, the process of collecting and producing evidence is included. From the aspect of the influence that the evidence can have in the interpretation of the provisions and the direction of other judicial actors in the application of the legal provisions within the criminal procedure, the burden and significance of this process becomes even greater.

Recognizing the importance, but also the lack of discussion and information of the wider public regarding the possibilities, the rights, the applied practices in our legislation and the judiciary, and wider in relation to the topic, the idea of this paper is to investigate, analyze and present the factual situation regarding the process of collecting and carrying out the evidence in the criminal procedure. In this direction, data, conclusions and results from previous research, analysis of legal provisions and application in practice will be illustrated. In the context of the work, it is also planned to conduct interviews with directly affected and

involved parties in the process itself, which will provide a broader perspective on the conclusions regarding the previous research. In addition, the conclusions from the domestic "scene" will be supplemented with a complete comparative overview of the situation in the country with the situation in the countries of the region, and wider. The conclusions of the discussion and the comparison made will result in the offer of solutions for improving the process of collecting and carrying out the evidence in the criminal procedure in the Republic of Macedonia in accordance with the provisions of the Law on Criminal Procedure.

**Keywords:** *Collecting and Performing Evidence; Criminal Procedure; Comparative Analysis; Interviews; Law on Criminal Procedure.*

**Вовед**

Под поимот кривична постапка современото право подразбира систем, збир од процесни дејства кои ги преземаат одредени државни органи и лица во случај на основано сомнение, односно веројатност дека е извршено казниво дело, кои имаат цел да се утврди дали навистина е извршено кривично дело, па ако е извршено, кој е неговиот сторител и дали, во согласност со одредбите од материјалното кривично право, треба да се примени казна и, ако треба истата да се одреди квалитативно и квантитативно.

Кривичната постапка (lat. Processus criminalis) претставува систем од процесни дејствија со точно утврдена форма, начин, рок, редослед и овластен субјект за нивно преземање, преку кои се утврдуваат околностите под кои е сторено кривичното дело, вината и степенот на кривичната одговорност на сторителот, како и определување индивидуална кривична санкција.

Кривичната постапка е процесен механизам за имплементација на одредбите од казненото материјално право во однос на основните обележја на делото, одредбите за кривичната одговорност, одмерувањето на казната односно мерката во секој конкретен случај во рамките на пропишаната кривична санкција за стореното кривично дело.

Судот, странките и другите процесни субјекти кои учествуваат во кривичната постапка се овластени да преземаат процесни дејствија, коишто во зависност од субјектот што ги презема, односно од целта поради кои се преземаат се делат на три основни групи:

- Процесни дејствија што ги презема овластениот тужител;
- Процесни дејствија што ги преземаат обвинетиот и неговиот бранител;
- Овластувања што во функција на пресудувањето се во надлежност на судот.

Кривичната постапка е насочена кон една основна цел – на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот законик и врз основа на законито и правично спроведена постапка.

За да се оствари оваа цел мора да бидат исполнети правните и стварните претпоставки за отпочнување на кривичната постапка, претходната постапка треба да ја исполни својата цел, а по изведувањето на доказите предложени и изведени од самите странки во текот на главната расправа да се добие одговор на сите прашања поврзани за начинот на сторување на кривичното дело, поврзаноста на сторителот со стореното кривично дело и утврдување на околностите.[1]

[1] КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО, Гордана Лажетиќ Бужаровска, Бобан Мисоски, Гордан Кајалџиев, Дивна Илиќ-Димовски, Универзитет Св. „Кирил и Методиј" – Скопје, Правен факултет – „Јустинијан Први"- Скопје, Скопје, 2015 година.

**Општ поим за докажувањето во кривичната постапка**

Реформите во казненото процесно право имаат големо влијание врз сферата на доказите и докажувањето, начините, формите и техниките на предлагање и изведување на доказите, улогата, овластувањата и задачите на овластените субјекти за предлагање и изведување на доказите, посебно значење на оцената на доказите од страна на судот кој е должен да донесе законита пресуда.

Според проф. Бајер органите овластени за утврдување на фактите тоа го чинат по пат на сопствено забележување кога станува збор за т.н. вербални докази, со читање на писмените документи, исправи и списи, односно со користење на фотографии или адуо-визуелни записи кои ќе ги оценат како релевантни за утврдување на фактичката состојба.

Со право проф. Дамашка укажува на фактот дека долги години се води расправа околу прашањето за тоа кој метод на изведување на докази е поприфатлив дали унилатералниот метод-доказите ги изведува истражниот судија во текот на истрагата, односно судијата во текот на главната расправа или билатералниот метод-изведувањето на доказите е во рацете на овластениот тужител и на одбраната. На првиот метод му се забележува дека претставува значително психолошко оптоварување за судот и покрај поделбата на процесните функции го претвора судот во тело чии цели конвинираат со тезите на обвинителот. Вториот метод овозможува странките да водат паралелни истраги, бранителите да имаат свои истражител, мора да постои изграден систем на меѓусебно известување на странките за резултатите од сопствените истраги итн.

Од направените анализи произлегува дека најсоодветен би бил билатералниот метод кој доживува извесни промени во комбинација со начелото на слободно судиско убедување.

Имајќи ја во предвид важноста на утврдувањето на фактите и процесот на докажување, проф. Крапац укажува дека органите што донесуваат одлуки во текот на кривичната постапка мора да ги утврдат релевантините факти и на тој начин да стекнат убедување дека се исполнети сите законски услови за донесување на соодветна одлука.

Докажувањето ги опфаќа дејствијата кои странките ги преземаат пред судот со цел да презентираат сопствените докази, односно да ги оспорат доказите на спротивната странка. Докажувањето ги опфаќа доказите кои ја потврдуваат или оспоруваат вистинитоста на релевантните факти врз основа на кои судот ќе формира свое убедување и во зависност од нивната доказна вредност и релевантност ќе донесе одлука за вината, степенот на кривичната одговорност и кривичната санкција, односно мерка.

Судот и државните органи  се должни со еднакво внимание да ги испитуваат и да ги утврдат како фактите што го товарат обвинетиот, така и оние што му одат во корист.

Овластени субјекти за предлагање и изведување на доказите се странките, додека судот нема доказна иницијатива, но одлучува кои од предложените докази ќе бидат изведени на главната расправа.[2]

[2] КАЗНЕНО ПРОЦЕСНО ПРАВО, Гордана Лажетиќ Бужаровска, Бобан Мисоски, Гордан Кајалџиев, Дивна Илиќ-Димовски, Универзитет Св. „Кирил и Методиј” – Скопје, Правен факултет – „Јустинијан Први”- Скопје, Скопје, 2015 година.

**Собирање на докази во кривичната постапка**

Во објаснувањето на постаката на собирање на докази, како и доказната постапка, односно изведување на самите докази како основен предуслов се јавува постоењето на сомневање за сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Откако овој услов е исполнет, најпрвин се започнува со собирање на докази, при што собирањето се одвива во неколку фази започнувајќи со самите мерките и дејствија кои ги презема полицијата по службена должност (сопствена иницијатива) или по налог од јавниот обвинител заради:

- Пронаоѓање на сторителот на казненото дело;
- Спречување на бегство или сокривање на сторителот или учесникот во казненото дело;
- Откривање и обезбедување на траги од казненото дело и на предмети кои можат да послужат при утврдување на факти;
- Собирање на сите известувања кои би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

Овие мерки и дејствија преземени од страна на полицијата уште се нарекуваат и полициски увиди, а се водат со цел да му се обезбедат материјал на јавниот обвинител да оцени дали основите за сомнение преминуваат во основано сомнение, како повисок степен на сомневање засновано врз прибавените докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице сторило кривично дело, за да може тој да поднесе барање до судот за спроведување на истрага.[3]

Со тоа уште во рамки на претходната постапка поделена во две последователни етапи предистражна и истражна постапка, се означуваат почетоците на добирањето на доказите во кривичната постапка. Особено важно за собирањето на доказите е товарот на докажувањето, кој во различни системи може да се однесува на различни субјекти и ја претставува должноста која странката ја има во судската постапка за докажување на еден или повеќе факти кои се предмет на постапката.

Освен направениот полициски увид, во рамки на истражната постапка осомничениот, неговиот бранител и оштетениот му даваат предлози на јавниот обвинител за преземање на определени дејствија и остварување на своите права, во што спаѓа и процесот на предлагање и собирање на докази. За цел, во оваа фаза се искористуваат сите доказни средства кои му стојат на располагање на обвинителството. Откако ќе се соберат доволно докази, јавниот обвинител може да одлучи и да ја заврши истражната постапка. Нековата одлука се заснова на проценка на доказите, односно кога ќе оцени дека состојбата на работите е доволно разјаснета за да може да подигне обвинение или да ја запре истражната постапка.

Во меѓувреме, одбраната исто така ги прелага доказите кои смета дека се својствени по однос на делото за кое се води постапката. Бранителот има за задача во текот на постапката да поднесува предлози до јавниот обвинител за преземање на определени мерки и истражни дејствија заради собирање одделни докази кои ќе помогнат во утврдување на вистината. Освен тоа, бранителот има право и сам да презема одредени истражни дејствија и да пристапи кон прибирање на докази според одредбите пропишани со закон. Ваквите чекори можат да се преземаат и од другите учесници во одбраната за одредено дело, секако повторно во согласност со законски пропишаните насоки за дејствување.

---

[3] Supra n 2, стр. 17.

Поаѓајќи од самата природа на кривичната постапка, собирањето на доказите вообичаено е условено од товарот на докажување кој се однесува на страната која е засегната во делот на  докажување на вистината во кривичната постапка или страната што тужи, односно јавното обвинителство, а во одредени случаи товарот може да падне и на приватниот тужител. Како и да е, обвинителството е тоа кое треба прво да го задоволи товарот на докажувањето за да покаже дека неговите тврдења се поддржани со закон. Во спротивно, одбраната може да се повика на тоа дека нема случај за одвивање на кривична постапка, а судијата во никој случај не може да одлучи, помалку да донесе некакво решение или пресуда ако во текот на судската постапка не се докажала вината на обвинетиот со легални докази, надвор од секое разумно сомневање. Затоа, и обвинителството и одбраната се активни учесници во процесот на собирање докази во кривичната постапка, со цел задволување на крајната цел на истата.
Собирањето на доказите во кривичната постапка започнува во рамки на предистражната постапка, со цел на јавниот обвинител да му се обезбеди материјал за да може да оцени дали согласно прибавените докази има основи на сомневање дека определено лице сторило кривично дело, за да може да донесе наредба против истото за спроведување на истражна постапка. Во спротивно јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната пријава.

Истражната постапка се поведува против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог, а ја спроведува надлежниотјавен обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција.

Истражната постапка е особено важна во делот на собирање на доказите бидејќи токму во оваа фаза се собираат докази и податоци што му се потребни на јавниот обвинител за да може да одлучи дали ќе поднесе обвинение или ќе се откаже од кривичното гонење и се изведуваат доказите за кои постои опасност дека не ќе можат да се изведат на главната расправа или дека нивното изведување би било сврзано со тешкотии согласно со членовите 312, 313, 314, 315, 316, 317 и 318 од Законот за кривична постапка.

Во текот на истражната постапка јавниот обвинител е должен да собира докази кои одат како на товар на осомничениот, така и во негов прилог.[4] Истовремено, осомничениот, неговиот бранител и оштетениот можат да му даваат предлози на јавниот обвинител за преземање на определени дејствија и остварување на своите права.

Заради озбебедување поголема ефективност во рамки на фазата на собирање на докази, полицијата не мора да чека посебни наредби од јавниот обвинител, туку е должна да ги преземе сите дејствија во насока на откривање на сторителот на делото и обезбедување на траги и предмети кои можат да послужат како докази и да ги собере сите информации кои би можеле да бидат од корист за водење на постапката.

Мерките и дејствијата кои ги презема полицијата во оваа фаза се нарекуваат полициски извиди и се преземаат меѓу другото и заради откривање и обезбедување на траги од кривичното дело и на предмети кои можат да послужат при утврдување на факти, како и собирање на сите известувања кои би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

---

[4] Supra n 15, стр. 50-51.

За таа цел полицијата во текот на предистражната постапка може:

- Да бара потребни известувања од граѓани (но не и во својство на обвинет, сведок или вештак);
- Да сопре, да легитимира и да изврши потребен преглед или претрес на лица, превозни средства и багаж, ако постојат основи на сомневање дека кај нив ќе се пронајдат траги на кривичното дело или предмети што можат да послужат како доказ;
- Да пренасочи, насочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време (до 6 часа);
- Да преземе потребни мерки заради утврдувањето на идентитет на лицата и на предметите;
- Да зема отпечатоци, примерок за ДНК анализа и да фотографира (член 277);
- Да спроведе потрага, распише потерница по лицето и објава по имотот и имотната корист или по предметите по кои се трага;
- Да изврши преглед на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да оствари увид во определена нивна документација;
- Да изврши препознавање (член 278);
- Да преземе други потребни мерки и дејствија.

Според одредбите на новиот закон, преглед на лица, возила, багаж и простории, претставува овластување врз основа на закон, ограничено на надворешни проверки на облеката и други предмети и багаж со помош на сетилата за вид, слух и мирис, но не и на дејствија со кои нешто што не е видливо се прави видливо со отворање, отпакување и слично, додека претрес е детално истражување на лице, средство за превоз, дом под услови определени со закон.

Обврска на полицијата е за сите доставени до нив кривични пријави или добиени сознанија за кривични дела за кои гонењето се презема по службена должност, без одлагање (веднаш) да го известат јавниот обвинител.

Истите овие овластувањата, што и се дадени на правосудната полиција во постапката на собирање на докази, ги има и Управата за финансиска полиција во случаите кога се работи за откривање и истражување за кривичните дела: перење пари и други приноси од казниво дело, недозволена трговија, криумчарење и даночно затајување како и други кривични дела со противправна имотна корист од значителна вредност.

## Анализа и резултати од истражувањето

Во рамки на анализата и резултатите од истражувањето, ќе бидат претставени сите податоци и информации со кои се дојде при имплементирање на двата методолошки квалитативни инструменти, односно интервјуата и компаративната анализа.

Интервјуата како методолошки инструмент кон чија примена се пристапи во рамки на оваа постапка, беа спроведени во временски период од еден месец на територијата на општина Кочани. Таргетираната група на испитаници, опфати 15 лица кои одговарија на

дадените прашања како резултат на нивните знаења и искуство од работењето на соодветните надлежни инстуции во месноста.

Во рамки на интервјуата беа опфатени испитаници од обласна на следните професионални занимања: адвокати, судии, обвинители, правобранители, професори по право, како и други експерти од областа.

Со цел да ги приближи практичните примени и секојдневни искуства од спроведувањето на кривичната постапка, особено во делот на собирање и изведување на доказите кон теоретската рамка прикажана преку анализа на законските одредби, краток историјат на развојот, како и компаративна анализа со правните системи во одредени земји, интервјуто беше креиеано од сет на шест прашања токму водени од таа цел. Првиот дел од прашањата имаше конкретно за цел да ги испита задачите и функциите кои ги предвидува работно место на испитаникот во однос на вклучување во процесот на собирање и изведување на доказите во кривична постапка, како и дефнирање, т.е. објаснување на активностите од овој процес или постапка, врз основа искуството и знаењата одизвршувањето на таквите функции.

Вториот дел од прашањата во интервјуто се однесуваа на успешноста во обезбедувањето „правичност”, односно правично водење на кривичната постапка, така што никој невин да не биде осуден, а на сторителот на кривичното дело да му се изрече соодветна кривична санкција, како резултат на процесот на собирање и изведување на доказите. Овој дел од прашањата тендираа исто така да го утврдат степенот до кој овој процес на собирање и изведување на доказите претставува „јака страна“ на кривичната постапка, и доколку е така, кој е начинот на остварување на таквата предност.

Третиот дел од прашањата кои го сочинуваат интервјуто, имаше за цел да ги идентификува и утврди предизвиците со кои се соочуваат засегнатите и вклучени страни во кривичната постапка, при собирње и изведување на доказите. Во рамки на овој дел беа и прашањата преку кои, во рамки на овој труд имавме за цел да утврдиме дали предизвиците, односно предностите на процесот на собирање и изведување докази во кривичната постапка се должат на законската рамка, или пак истите се резултат на практичната реализација и имплементација на постапката. Со други зборови, целта на овој дел од прашањата беше да ги утврди предизивиците во процесот на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка, како и да поентира кон изворот на причините за постоењето на ваквите предизвици, односно дали станува збор за недостатоци во законската рамки, или пак пропустите се јавуваат во делот на практичната реализација и имплементација на постапката.

Четвртиот, односно последниот дел од прашањата е наменет токму за споделување на предлози и конкретни препораки од страна на лица кои имаат долгогодишно искуство во горенаведените професии во насока на унапредување на законската рамка, како и практичната реализација на истата со цел надминување на споменатите предизвици, а уште поголемо уживање на придобивките кои постојат од веќе споменатите предности. За таа цел, во рамки на оваа група прашања беше побарано од интервјуираните лица да дадат и конкретен пример со кој се имаат соочено во секојдневието од нивниот професионален ангажман, а кој најдобро ќе ги илустрира нивните мислења, ставови и заклучоци.

Од претходната елаборација на поимите на доказите, видови докази, доказни теории, како и целиот процес на собирање и изведување на докази и спроведените истражувања со интервјуата и другите методи предмет на овој труд, може да се заклучи дека процесот на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка има пред сѐ повеќе слабости отколку предности.

Имено, примената на новиот Закон за кривичната постапка создаде дилеми во однос на прашањето дали одбраната може да го користи вештачењето како доказно средство во текот на кривичната постапка и дали има процесни можности за оспорување на вештачењето. Аргументите кои се изнесуваат во прилог на тезата дека одбраната не може да го ползува вештачењето во подготовка и презентирање на сопствената теорија на случајот се базираат врз рестриктивното толкување на одредбата од ЗКП каде што е регулирано дека вештачењето се определува со писмена наредба. Оттука, бидејќи бранителот не може да издаде наредба, одбраната во листата на докази не може да предложи докази со кои би „атакувала“ на доказната вредност на вештачењето што обвинителството го изготвило во прилог на обвинувањето. Неможноста од ползување на вештачењето како доказно средство од страна на одбраната е резултат од отсуство на формалниот услов за определување вештачење. Наспроти ваквото толкување, се истакнува дека во ниту една одредба од ЗКП не е ограничено одбраната да прибавува докази заради оспорување на стручни и технички прашања врзани за релевантните факти, туку, напротив, во основните права на обвинетиот е регулирано дека обвинетиот мора да да има доволно време и можности за подготвување на својата одбрана, а особено да има увид во списите и да биде запознаен со доказите против него и во негова корист. Воедно, во основните права на обвинетиот е регулирано дека тој мора да има можност да се изјасни за фактите и доказите што го товарат и да ги изнесе сите факти и докази што му одат во прилог. Оттука, јасно произлегува дека не е исклучено одбраната да приложи доказ(и) чија цел ќе биде вештачењето изготвено по наредба на јавниот обвинител да биде оспорено и да се намали неговата доказна вредност. Сосема е погрешна практиката во некои судови, каде што вештачењето што го предложила одбраната било одбивано како незаконит доказ со образложение дека не било изработено врз основа на наредба од надлежен орган, наместо да биде третирано како алтернативно експертско мислење. Судот е должен да обезбеди еднаквост на оружјата во кривичната постапка каде што одбраната по дефиниција е инфериорна како во институционална, така и во кадровска и материјална положба, во однос на обвинителството како државен орган. Судот не смее да дозволи повреда на Европската конвенција за човекови права во однос на принципот на еднаквост на оружјата со рестриктивно толкување на одредбите од ЗКП. Во оваа смисла, не постапуваат спротивно на ЗКП судиите кои што го прифаќаат вештачењето предложено од одбраната, а со цел за оспорување на вештачењето од обвинителството. Од друга страна, судијата правилно постапува и во оние случаи на издавање пресуда со казнен налог, каде што предлогот од обвинителството бил доставен без приложено вештачење, но по поднесен приговор од одбраната во прилог на којшто било содржано вештачење, судијата му овозможил на обвинителот да изготви и достави вештачење. Во овој контекст ќе мораме да се согласиме со латинската максима дека практиката односно искуството ги корегира законите. Ваквиот приод овозможува нивно правилно толкување и разбирање. Судот мора да води сметка за етаблираното конвенциско право кое особено инсистира на гаранциите што ги има одбраната во однос на правичното судење. Ова, особено ако ефектот од толкувањето на одредбите води кон правилно утврдување на (не)постоењето, односно (не)вистинитоста на правно релевантните факти како основ за донесување законита и правична пресуда. Во контекст на претходно изнесеното, се чини

потребно да се укаже на смислата и импактот од принципот за еднаквост на оружјата, како еден од аспектите на концептот за правично судење во смисла на членот 6 од ЕКЧП, којшто подразбира „правичен баланс" помеѓу страните. Согасно овој принцип, секоја страна треба да добие разумна можност да го презентира својот случај под услови кои не ја ставаат во понеповолна положба наспроти спротивната страна. Еднаквоста на оружјата ѝ овозможува на одбраната да има доволно време, но и можности да го подготви и изнесе случајот пред судот, да предлага докази во своја полза и да ги оспорува доказите на спротивната странка и преку нагласена процедурална правичност да доведе до ублажување на фактичката нееднаквост што во кривичната постапка постои помеѓу обвинителството, едновремено државен орган и странка во постапката, и одбраната. Поаѓајќи од определбата дека секој обвинет има право на правично судење, кое опфаќа поголем број гаранции, еднаквоста на оружјата претставува суштински елемент на концептот за правично судење и минимален праг за определена постапка да биде оценета како непристрасна и конзистентна.

Во контрадикторна постапка мора да се овозможи одбраната да презентира алтернативен аргумент во однос на технички или стручен доказ, без оглед на тоа дали со ова дејствие ќе ги негира наводните факти или пак ќе понуди друга верзија на настаните. Одбраната може да поднесе алтернативно експертно мислење во форма на вештачење изготвено од вештак ангажиран од страна на одбраната како технички советник. Судот не смее да го прогласи таквиот доказ за противзаконит, ниту смее да спречи негово изведување како доказ, раководејќи се од фактот што на неговото изготвување не претходела писмена наредба од органот што ја води постапката. Рестриктивното толкување на одредбите од ЗКП води кон повреда на еднаквоста на оружјата и ја доведува одбраната во неповолна положба наспроти обвинителството. Контрадикторноста не може да се оствари без можност за аргументирано оспорување на изнесеното експертско мислење на иницијатива на обвинителството. Имајќи го предвид фактот што пресудите во голема мера се засноваат токму врз спроведените вештачења во однос на релевантните факти за кои тие се определени, се засилува впечатокот дека тенденцијата за монополизирање на вештачењето како доказно средство достапно само на обвинителството мора да се напушти. Неконзистентата примена на одредбите, во еден дел, произлегува до поинаквата поставеност на доказите во кривичната постапка. Наспроти претходниот систем, каде што сите докази беа докази на судот, без оглед на нивниот предлагач, во новиот концепт на кривична постапка, доказот е врзан за странката што го предложила, а судот воопшто нема доказна иницијатива, освен во исклучителни случаи. Во новиот систем на казнено- процесно право, вештакот престана да биде помошник на судот, а преку можноста за ангажирање вештаци како технички советници, тие прераснаа во помошници на странките, во подготовка на случајот. Во одлуките каде што судот го прогласил вештачењето доставено од одбраната за незаконит доказ, сосема е изгубена од вид функцијата на техничките советници кои се, всушност, вештаци на одбраната само со поинакво процесно својство. Од аспект на доказната вредност на она што тие го изнеле во наодот и мислењето, односно во исказот даден на главната расправа, не постои суштинска разлика помеѓу вештаците и техничките 11 советници ниту во однос на стручната подготовка, ниту во однос на сертификатот за вештаци, ниту во однос на нивно евидентирање во регистарот на вештаците. Единствената процесна разлика лежи во формалниот начин за нивното вклучување во доказните средства – вештак со наредба, технички советник со именување. Формалните ограничувања не би требало да предизвикаат последици во смисла на материјалните можности за прибирање, односно за оспорување на доказите

со што директно се прекршуваат гаранциите што за одбраната произлегуваат од приницпот на еднаквост на оружјата.

**Заклучок**

За процесот на собирање и изведување на докази според утврдените наоди од истражувањето, можеме да кажеме дека треба да ја претставува најзначајната алка на синџирот активности низ целата кривична постапка бидејќи валидноста и издржаноста на соберените иизведени докази е круцијална за заштита на правата на странките кои учествуваат во постапката.

Законската рамка е клучна во дефинирањето на условите за остварување предности, односно соочување со предизвици при практичната имплементација на постапката, пред сè поради фактот дека луѓето бидат оставени без контрола при делењето на правдата, многу повеќе ќе прават неправда отколку правда. Ако не постои законска рамка, тогаш не може да се имплементира ниту практично, што значи дека овие два процеси функционираат во корелација, и сите предвизвици кои се среќаваат во собирањето и изведувањето на доказите во постапката, подеднакво се должат и на двата.

Совладувањето на предизвиците во процесот на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка станува се потешко, пред се поради фактот што кривичното право многу напредувало и трпело најразлични измени низ историскиот развој, па така денешната кривична постапка е резултат на она што најмногу можело да се обезбеди од вака организиран систем на современата држава. Сепак, некои од посочените предлози за унапредување на процесот на собирање и изведување на доказите укажуваат на потреба од пренесување на товарот на докажување на обвинителството и одбраната преку дирекното и вкрстено испрашување кон судот, кој според поранешните законски уредувања ги утврдуваше изнесените факти, а обвинителството и одбраната преку непосреден распит на сите предложени докази ја водеа постапката, со тоа што и судот би можел да утврди некои факти со изведување на докази.

Предизвици кои се јавуваат како во законските одредби, така и во практичната имплементација можат да се надминат, и тоа преку задолжителни обуки на сите кои учествуваат во процесите на собирање и изведување на доказите во кривичната постапка. Македонското судство во моментот се соочува со два големи предизвици, а тоа се недостигот на финансикски средства, но и недостигот на човечки ресурси. Соодветни обуки, практични интерпретации на законите пред нивна примена, како и посетување на најразлични тренизи и семинари од обласста, би придонеле кон зајакнување на правната рамка и практичната реализација на собирање и изведување докази во насока на остварување на што поголема правичност во водењето на кривичната постапка.

Во потрагата по една модерна кривична постапка, во која ќе се почитуваат човековите права и слободи, но која истовремено ќе биде и доволно ефикасна се приклучи и целта на изработка на овој магистерски труд. Од самата теоретска, но и практична разработка на темата се опфатија значителни информации, при што се применија најразлични извори од законските членови, експертски ставови, прирачници за практична примена, па до искуствата на лицата кои секојдневно се среќаваат и се во допир со оваа постапка преку нивниот професионален ангажман. Притоа, заклучокот е единствен, а тоа е дека

постапувањето и практичната реализација мора да гарантира утврдување на вистината и обезбедување на правичност во рамки на постапката.

Секако, не се избегнуваат и прашањата на преоптовареноста на судовите, недостигот на средства во финасиска смисла, но и човечки капитал. Сето ова треба да биде нов предизвик на агендата на реформата на македонскиот систем во стручните и политичките расправи, како и во јавните медиуми, во насока на идна интеграција на земјата во Европската Унија и НАТО. Секое понатамошно унапредување на постапката, би значело само унапредување на човековите права и слободи, а со тоа и задоволување на лицето на правдата и оправдување на целта на постоењето на државниот систем на уредување.